**ПРОЕКТ "Градење на капацитетите на учениците и наставниците по природни науки од основните училишта во општина Аеродром"**,

Во рамки на проектот **"Градење на капацитетите на учениците и наставниците по природни науки од основните училишта во општина Аеродром"**, како активност, на 26 и 29 Ноември во просториите на општина Аеродром беа одржани две работилници наменети за наставниците по природни науки од основните училишта на тема "Развивање на едукативната програма СПАРЕ".

Работилниците беа реализирани од стручниот тим на ЗГ "Проактива" кои имаа за цел презентирање и имплементирање на СПАРЕ едукативната програма и СПАРЕ методот за креативно и ефективно имплементирање на темите од областа енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија, во рамки на наставните содржини од природните науки.

Како резултат од двете работилници веќе се реализираа првите дополнителни часови во основните училишта во општина Аеродром кои го практикуваат принципот на едукативната програма СПАРЕ.

Како резултат од дополнителните часови треба да произлезат проекти на наставниците и учениците од областа – одржлива енергија – кои ќе земат учество првостепено на националниот СПАРЕ конкурс за проекти од основните училишта и второстепено на интернационалниот конкурс СПАРЕ.

ЗГ "Проактива" проектот "Градење на капацитетите на учениците и наставниците по природни науки од основните училишта во општина Аеродром" го реализира со финансиска поддршка од Министерството за животна средина и просторно планирање на Р. Македонија, а во соработка со општина Аеродром.

## СЛИКИ ОД ОДРЖАНИТЕ ОБУКИ:








Energy saving
SPARE


Energy saving
SPARE